# Оглас за Психолог во Советувалиште во Скопје

1. **Опис на работни задачи**

Работни задачи што треба да бидат реализирани од страна на кандидатот/ката се следниве:

- Да пружи психолошко советување на жени жртви на родово базирано и семејно насилство, со цел одржување на нивното ментално здравје;
- Да отвори и да води досие за корисникот/чката;
- Да учествува во иницијативи на организацијата од областа на родово базирано и семејно насилство;
- Да биде во постојана комуникација и координација со проектниот тим;

**2. Квалификации и барања што треба да ги задоволат кандидатите/ките:**

Ве охрабруваме да се пријавите доколку имате:

- Универзитетска диплома во областа на психологијата;
- Постдипломски и докторски студии ќе се сметаат за предност;
- Одлично познавање на македонски и англиски јазик, албански јазик ќе се смета за предност

- Одлични организациски и комуникациски вештини
- Доверлива личност која ги почитува принципите и политиките на организацијата
- Одлични способности за работа во тим
- Одлично познавање на MS Office програмите
- Најмалку една година искуство во работа со жени жртви на родово базирано и семејно насилство (вклучително и деца) и/или искуство во граѓански сектор практично искуство во сервис наменет за жртви

**3. Времетраење и период на спроведување на активностите**

Кандидатот/ката ќе биде хонорарно ангажиран/а првично во времетраење од три месеци со можност за продолжување до една година. Работното време е флексибилно и изнесува

20 часа неделно. Месечниот бруто хонорар изнесува 12 000 МКД во кој е вклучен персоналниот данок на доход. Ангажманот започнува од 01.02.2023 година во Скопје.

**4. Пријавување и избор**

Заинтересираните кандидати/ки можат да се пријават со доставување на следниве документи:

- Професионално CV;
- Писмо за искажување на интерес на македонски јазик;
- Скенирана диплома за завршено образование;
- Најмалку две препораки од претходни работни места, пракси, волонтирање и др.

Пријавите треба да се достават најдоцна до **25.01.2023** на е-пошта: sozm@t.mk teazografska@gmail.com и stankovikmartina@gmail.com, со предмет: Апликација за **Психолог во Советувалиште за жени жртви на родово базирано и семејно насилство.**

Кандидатите/ките кои ќе влезат во потесен избор ќе бидат повикани на интервју. Апликации со нецелосна документација нема да се разгледуваат.